# План за управување со животна средина и социјални аспекти за подпроект:

# „Реновација, реконструкција и доградба на Вила Вангелина на Зелениот Катлановски Рид во околината на Скопје, општина Петровец“

*Глобал Центар ДВД ДООЕЛ, Куманово, Април 2019*

# Содржина:

1. Опис на проектот…….....4

2. Правна рамка…….....13

3. Основни податоци/Опис на локацијата…….....17

4. Влијанија врз животна средина и социјални аспекти…….....28

5. Мерки за ублажување…….....34

6.План за управување со животна средина и социјални аспекти….……….....37

## Вовед

Проектот за локална и регионална конкурентност (ПЛРК) е четиригодишна програма за инвестирање, поддржана од страна на Европската Унија што користи фондови од ИПА 2 наменети за компетитивност и иновации во Македонија. Со ПЛРК ќе се управува како со хибриден труст фонд кој ќе се состои од четири компоненти и ќе биде спроведен од страна на Светската банка и Владата на Република Македонија. Проектот ќе овозможи средства за инвестирање и градење капацитети за поддршка на растот на секторот, за инвестирање во дестинации и создавање просперитет во одредени дестинации. На регионално и локално ниво, проектот ќе поддржи одбрани туристички дестинации во земјата преку комбинација од техничка помош за подобрување на управувањето со дестинацијата, за инвестирање во инфраструктурата и инвестирање во поврзување и иновирање. Инвестирањето ќе биде извршено преку шема на грантови за регионалните туристички чинители, како на пример општините, институциите, НВО и приватниот сектор.

Активностите ќе бидат во согласност со Рамката за управување со животна средина и социјални аспекти (ESMF) која што е подготвена за потребите на Проектот за локална и регионална конкурентност (ПЛРК).

Планот за управување со животна средина и социјални аспекти (ПУЖС) е подготвен за активностите кои се предвидени со подпроектот “Реновација, реконструкција и проширување на вила Вангелина на Зелениот Катлановски Рид“.

ПУЖС претставува документот за животната средина кој се состои од опис на проектот, технички детали, обем, средина и локација, врз основа на што се проценуваат влијанијата врз животната средина и социјалните ризици и мерките за избегнување и ублажување на истите. Применувањето на мерките за ублажување на воочените влијанија и проблеми што се наведени во ПУЖС е задолжително.

Подпроектот ќе понуди можност да се воспостават деловни и туристички контакти со туристичките агенции во Република Македонија и тоа ќе ја зголеми туристичката понуда на постоечките туристичи агенции и хотелите и капацитетите за сместување (поради веројатноста дека туристите ќе бидат позаинтересирани да го посетат локалитетот) како и можностите за вработување на локалното население.

# 1. Опис на проектот

Крајна цел на овој подпроект е промоција и подобрување на туристичката понуда и искуство на посетителите на рурални подрачја во близина на градот Скопје.

Специфични цели на подпроектот се следните:

- Да се подобри функционалноста и капацитетот за сместување на Вила Вангелина
- Да се привлечат туристи, посетители, коишто ќе го посетат и истражат локалитетот Катланово. Поширокото опкружување на овој локалитет изобилува со разновидна флора и фауна
- Да се позиционира Вила Вангелина на туристичката мапа на Република Македонија
- Да се овозомжат активности за истражување на локалитетот

*Постоечка состојба на вила Вангелина и објекти*

Моменталната состојба во вила Вангелина е следната:

- 2 бунгалова кои се делумно изградени – недостасува кров, изолација, камена фасада и финално малтерисување на ѕидовите:

- Бунгалов 1 - 5 апартмани, една соба за пеглање и тераси – Слика 1;

- Бунгалов 2 – дневна соба, тераса и 1 апартман (2 спални). Апартманите во бунгаловите се со капацитет за сместување на 22 посетители;

- Ресторан со површина од 70m$^2$ (со капацитет за сместување на 30 посетители), тераса (75m$^2$), со вкупен капацитет за сместување на 150-160 посетители – Слика 2;

- Центар за едукација / организација на настани / конференциска сала (70m$^2$), со капацитет за 60 лица;

- Постоечки паркинг простор со површина од 800 m$^2$ - Слика 3 (само активности за расчистување на теренот, порамнување и одстранување на вегетација се реализирани);

- Постоечки рекреативен базен (12mx6m) – Слика 4, со простор за седење со површина од 400m$^2$, санитарен и технички дел (12x5m$^2$) опремен со 5 простории од кои 4 тоалети и просторија за пресоблекување) – Слика 5. Во техничкиот дел (т.н. пунктна станица) има водна пумпа и електрична и механичка опрема;

- Простор предвиден за детско игралиште со површина од 300m$^2$ (со одстранета вегетација).

**Слика 1** Бунгалов 1

**Слика 2** Ресторан

**Слика 3** Паркинг простор

**Слика 4** Базен

**Слика 5** Објект предвиден за пунктна станица и простории за базенот

**Слика 6** Локација предвидена за инсталација на влезна врата

**Слика 7** Локација предвидена за поставување на влезна врата за паркинг простор

***Главната и специфичните цели ќе се постигнат преку реализација на следните активности во рамките на подпроектот:***

1. Реконструкција и проширување/надгадба на 6 апартмани. Апатманите ќе бидат целосно реконструирани (покрив, фасада, столарија, ентериер и екстериер, електрична инстаалција, водовод, канализација, осветлување);
2. Опремување на апартманите согласно амбиентот на околината и на целиот објект, обезбедувајќи услови за удобен престој за посетителите (подови, плочки, санитарна опрема, мебел, еркондишн, ТВ);
3. Реновирање на конференциска сала – надградба на кров и набавка на опрема (13 прозори, една влезна врата, 40 дрвени сотлици, 10 дрвени маси);
4. Набавка и инсталација на 4 соларни панели – за зголемен енергетска ефикасност со цел заштеда на енергија;
5. Развој и инсталација на веб платформа – со цел зголемен и олеснет пристап до информации за сместување и други содржини кои ги нуди објектот;
6. Набавка на опрема за надворешниот ресотран: 80 дрвени столици, 26 дрвени маси, 15 пластични маси, 120 пластични столици;
7. Набавка и инсталација на модерна кујна за ресторанот, со: фрижидер, ладилник со

комора, фрижидер за овошје и зеленчук, 10 комори за ладење, 2 фритези, 1 вградена рингла, 4 рингли, 1 фурна, 1 машина за миење садови и работна маса (12 m долга);
8. Набавка и инсталација на санитарна опрема за бањите и базенот, како: тушеви, умивалник и вц школки;
9. Хортикултурно уредување со: зимзелени дрва, трева, цвеќиња и систем за наводнување. Ова уредување ќе биде согласно проектната документација која е во фаза на подготовка;
10. Партерно уредување на паркинг просторот – компактирање со чакал и осветлување – обезбедување на паркинг простор за 40 возила, 1 автобус и 1 комбе;
11. Уредување на простор наменет за детско игралиште со опрема за забавни активности и набавка на: 2 лулашки, 2 клацклаки, вртелешка и песок за играње;
12. Инстаалција на ограда околу целиот комплекс– 90 m дрвени ограда - 110 cm висока и 280 m главанизирана ограда 125x50cm;
13. Инсталација на 3 лизгачки врати: дво делна метална врата со електричен мотор (5 m x 160 cm), влезна дво делна врата – метал и дрво (4,5 m x 160 cm) – Слика 6, и врата за влез во паркингот дводелна метална врата со електричен мотор (7 m x 160 cm) – Слика 7.

Ситуацијата на апартманот, ресторанот и кујната се дадени во Прилог.

*Водоснабдување*

Санитарната вода за потребите на вработените во хотелскиот комплексот, како и за ППЗ заштита ќе биде обезбедена од водоводната мрежа на село КО Блаце, со оглед на неговата близина. На локацијата има постоечки водовод и водомери само активности за реконструкција и инсталација се предвидени.

*Одведување на отпадни води*

Отпадните води ќе се одведуваат во бетонирана септичка јама (5mx5mx3m = 70m$^3$).

*Електротехничка инфраструктура*

Градбите ќе се приклучат на постојната електроенергетската мрежа согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на градба.

Во продолжение даден е краток технички опис за предвидените активности со овој под-проект.

***Бунгалов 1***

Бунгалов 1 е со катност од (П) приземен објект. На приземјето се решени следните функционални содржини: дневен престој, кујна со трпезарија, две спални соби со туш бањи, остава санитарен чвор и тераса. Приземјето е во корелација со дворот.

Во конструктивна смисла објектот се предвидува да се изведе во армирано бетонска скелетна конструкција од носиви столбови и греди и армирано бетонска плоча како меѓукатна конструкција. Подот ќе се изведе како под од паркет и керамички плочки. Таванот на подкровот ќе се изведе како спуштен плафон од гипс картон.Сите отвори се предвидени со ПВЦ браварија кои се застаклени со термопан рамно ниско емисијоно стакло 4+16+4 мм.

Сите простории се природно осветлени преку прозори и врати.

Вкупната површина на бунгалов 1 е следната:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 01 | Апартман 1 | Под-ќерамички плочки | 22,49 $m^2$ |
| 01а | Бања | Под-ќерамички плочки | 3,42 $m^2$ |
| 02 | Апартман 2 | Под-ќерамички плочки | 22,51 $m^2$ |
| 02а | Бања | Под-ќерамички плочки | 3,42 $m^2$ |
| 03 | Апартман 2 | Под-ќерамички плочки | 17,10 $m^2$ |
| 03а | Бања | Под-ќерамички плочки | 3,42 $m^2$ |
| 04 | Апартман 3 | Под-ќерамички плочки | 12,44 $m^2$ |
| 05 | Бања | Под-ќерамички плочки | 14,07 $m^2$ |
| 06 | Техничка соба | Под-ќерамички плочки | 22,51 $m^2$ |
| 06а | Чувар | Под-ќерамички плочки | 3,42 $m^2$ |
| 07 | Апартман 4 | Под-ќерамички плочки | 22,13 $m^2$ |
| 07 а | Бања | Под-ќерамички плочки | 3,42 $m^2$ |
| Вкупна нето површина | | | 150,35 $m^2$ |
| 01 t | Тераса | Под-ќерамички плочки | 7,92 $m^2$ |
| 02 t | Тераса | Под-ќерамички плочки | 6,93 $m^2$ |
| 03 t | Тераса | Под-ќерамички плочки | 9,89 $m^2$ |
| 06 t | Тераса | Под-ќерамички плочки | 7,31 $m^2$ |
| 07 t | Тераса | Под-ќерамички плочки | 7,46 $m^2$ |
| Вкупна бруто површина | | | **238,50 $m^2$** |

***Бунгалов 2***

Бунгалов 2 е со катност од (П) приземен објект. На приземјето се решени следните функционални содржини: дневен престој, кујна со трпезарија, две спални соби со туш бањи, остава, санитарен чвор и тераса. Приземјето е во корелација со дворот.

Во конструктивна смисла објектот ќе се изведе во армирано бетонска скелетна конструкција од носиви столбови и греди и армирано бетонска плоча како меѓукатна конструкција. Подот ќе се изведе како под од паркет и керамички плочки. Таванот на подкровот да се изведе како спуштен плафон од гипс картон. Сите отвори се предвидени со ПВЦ браварија кои се застаклени со термопан рамно нискоемисијоно стакло 4+16+4 мм.

Сите простории се природно осветлени преку прозори и врати. Во објектот се предвидени да се изведат електрична и водоводна и друга инсталација. Вкупната површина на просториите изнесува:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 01 | Дневна соба | Под- паркет | 28,40 $m^2$ |
| 02 | Кујна со трпезарија | Под-ќерамички плочки | 9,30 $m^2$ |
| 03 | Тоалет | Под-ќерамички плочки | 2,43 $m^2$ |
| 04 | Бања | Под-ќерамички плочки | 3,48 $m^2$ |
| 05 | Бања | Под-ќерамички плочки | 3,48 $m^2$ |
| 06 | Сплана | Под- паркет | 15,50 $m^2$ |
| 8 | Спална | Под- паркет | 15,50 $m^2$ |
| Вкупна нето површина | | | 78,90 $m^2$ |
| 08 | Тераса | Под-ќерамички плочки | 6,40 $m^2$ |
| 09 | Тераса | Под-ќерамички плочки | 21,00 $m^2$ |
| Вкупна бруто површина | | | **122,76 $m^2$** |

Градежно занаетчиските, бетонските и ѕидарските работи ќе се изведат согласно основниот проект, а во согласност со техничките прописи и нормативи кои важат за ваков тип на работи. Со Основниот Проект предвидени се следните ѕидарски работи:

***Бунгалов 1***

Фасаден ѕид

- Фасадна тула 12 см (делумно завршено)
- Стиропор 5 см
- ПЕ фолија
- Термо блок 20 см (завршено)
- малтер 2 см

Внатрешен преграден ѕид

- малтер 2 см (завршено)
- шупла тула 12 см (завршено)
- малтер 2 см

Внатрешен преграден ѕид

- шупла тула 25 см (завршено)
- малтер 2 см
-

***Бунгалов 2***

Фасаден ѕид

- Фасадна тула 12 см (делумно завршено)
- Стиропор 5 см
- ПЕ фолија
- Термо блок 20 см (завршено)
- малтер 2 см (завршено)

Внатрешен преграден ѕид

- малтер 2 см
- шупла тула 12 см (завршено)
- малтер 2 см

*Подови*

Обработката на подовите е предвидена према видот и намената на просториите и истите ќе бидат обложени со керамички плочки.

*Таван*

Таваниците ќе се глетуваат и боја со поликолор.

*Столарија*

Вкупната столарија предвидена во проектот ќе се изведе према описите дадени во шемите на внатрешна и надворешна столарија.

Предвидената надворешна столарија-прозори и врати е тип ПВЦ застаклена со термопан стакло според приложената шема на столарија.

Сите браварски, лимарски, алуминиумски, стаклорезачки, ќерамичарски, молеро фарбарски работи и покривачки работи ќе се изведат согласно најдобрата градежна пракса и техничките стандарди за ваков тип на работи.

Со проектното решение (Основниот Проект) предвидени се и изолациони работи, односно топлотна заштита на објектите. Топлотната заштита на објектите се постигнува со термичката обвивка на објектот и со правилна селекција на фасадните отвори (прозори и врати) како и на кровниот покривач.

***Ресторан***

Со основниот проект е направено решение за ресторан за 30 гости со тераса со катност од (П+1) приземје и кат. На приземјето се решени следните функционални содржини: ресторан за 30 гости (тераса за 150-160 госи), кујна со остава и тоалети. Приземјето е во корелација со терасата и дворот. На катот е терасата која е споена со приземјето со скали. Во конструктивна смисла објектот е се предвидува да се изведе во армирано бетонска скелетна конструкција од носиви столбови и греди и армирано бетонска плоча како меѓукатна конструкција. Подот да се изведе како под од паркет и керамички плочки. Таванот на подкровот да се изведе како спуштен плафон од гипс картон. Сите отвори се предвидени со ПВЦ браварија кои се застаклени со термопан рамно нискоемисијоно стакло 4+16+4 мм. Сите простории се природно осветлени преку прозори и врати. Во објектот се предвидени да се изведат електрична и водоводна и друга инсталација, во се спрема важечките прописи и условите кои ги бараат ЕВН и водовод и

канализација и другите носители на инсталација. Греењето ке биде со инвертори. Вкупната површина на просториите изнесува:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Приземје** | | | |
| 01 | Ресторан | Под-ќерамички плочки | 86,80 $m^2$ |
| 02 | Кујна | Под-ќерамички плочки | 14,80 $m^2$ |
| 03 | Остава | Под-ќерамички плочки | 3,97 $m^2$ |
| 04 | Умивалник | Под-ќерамички плочки | 3,68 $m^2$ |
| 03 | Тоалет | Под-ќерамички плочки | 1,50 $m^2$ |
| 03а | Тоалет | Под-ќерамички плочки | 1,62 $m^2$ |
| Вкупна нето површина | | | **133,47 $m^2$** |
| **Кат-тераса** | | | |
| 01 | Тераса | Под-ќерамички плочки | 49,37 $m^2$ |
| 02 | Скали | Под-ќерамички плочки | 6,43 $m^2$ |
| Вкупна бруто површина | | | **64,40 $m^2$** |

Подпроектот уште повеќе ќе ја зголеми тенденцијата на локалитетот кон развој на руралниот туризам на дестинацијата. Со реализација на под-проектот ќе се постигне следното: “Зголемена посетеност на рурални области, релокација на населението од градовите кон селата и зголемено задоволство од понуда со висок квалитет од македонската кујна“.

Очекувани резултати од реализација на подпроектот се:

a) Реновација, реконструкција и надградба на апартмани со капацитет за сместување на 22 посетители, 5 апартмани со удобни и квалитетни кревети и традиционални елементи во стилот на околината.

b) Целосно опремена кујна и ресторан со капацитет за служење на 150-160 посетители со квалитетна традиционална храна и модерна конференциска сала со капацитет за сместување на 60 луѓе.

c) Подобрени вештини за подготовкана традиционлана храна и автентично кулинарско искуство е третион резултат кој треба да се постигне, кој ќе се постигне преку обука и подобрување на вештините за подготовка на традиционална храна, како и вештини за презентација, часови по готвење, дегустација на вино и храна.

Реализацијата на проектот ќе има позитивно влијание врз дестинацијата (општина Петровец, Катланово и околината) и ќе овозможи извонредни можности за зголемување на

атрактивноста на природната убавина на дестинацијата. Туристичката мапа ќе биде збогатена со друг локалитет кој нуди разноликост во природните убавини на дестинацијата.

Со реализација на под-проектот туристичката понуда на регионот ќе биде подобрена, и ќе има позитивно влијание врз локалниот економски развој. Преку реализација на основната цел, ќе се постигне и следната цел: “Да се зголеми придонесот на туризмот кон локалниот економски развој, да се подобрат капацитетите за развој на туризмот и да се олесни управувањето со туристичките дестинации“

## 2. Правна рамка

Процедура за национална процена на влијанието врз животната средина за развој на проект

Процедурата за процена на влијанието врз животната средина е пропишана во Законот за животна средина (“Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05 24/07, 159/08 и 83/09; 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 163/13, 42/14, 129/15 и 39/16 (Глава 11/Член 76-94) каде што барањата на ЕУ директивите за ОВЖС (Директива 85/337/ЕЕС согласно измените на директивите 97/11/ЕС, 2003/35/ЕС и 2009/31/ЕС) се транспонирани.

Процедурата започнува кога Инвеститорот (предлагачот на проектот) кој има намера да спроведе проект поднесува Известување за намера за спроведување на проект, во писмена и електронска форма до Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП – Управа за животна средина), кој е одговорниот орган за целата процедура. Управата за животна средина е должна да даде одговор на конкретното барање дали е потребно или не е потребно да се развие СОВЖС (Стратегиска оцена на животната средина), ОВЖС (Оцена на влијанието врз животната средина) или Елаборат за заштита на животната средина.

Процедурата за определување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина преставува фаза во која МЖСПП одлучува дали треба да се изработи СОВЖС (Стратегиска оцена на животната средина), ОВЖС (Оцена на влијанието врз животната средина) или Елаборат. За развојот на проекти што не припаѓаат на листата проекти за кои мора да се спроведе постапката за ОВЖС (Оцена на влијанието врз животната средина) (проекти со мал обем), потребно е да се подготви – Елаборат за заштита на животната средина (релевантно за проекти од категоријата Б под СБ ОП 4.0.1 процедура за оцена на влијание врз животната средина).

Национална процедура за процена на животната средина за проекти од мал обем

За време на законската постапка за ОВЖС (Оцена на влијанието врз животната средина) во фазата за определување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, ако од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање се донесе одлука дека нема потреба од спроведување на ОВЖС (Оцена на влијанието врз животната средина), инвеститорот треба да започне со процедура за

изработка на Елаборат за заштита на животната средина. Оваа процедура е задолжителна за проекти од мал обем што предизвикуваат краткорочни, мали, негативни влијанија врз животната средина кога Министерството за животна средина и просторно планирање во рамките на горенаведената одлука утврдило дека потребата за подготовка на Елаборат е во согласност со правилниците што се подолу наведени (на пр. Реконструкција или конструкција на локални улици, патишта, конструкција на локални водоводни мрежи, канализации и постројка за пречистување на отпадни води) со мал обем – помал од 10 000 жители., итн.).

Постојат два Правилника за изготвување на Елаборат за заштита на животна средина за проекти со мал обем:

- Правилник за листа на проекти за кои треба да се изготви Елаборат за заштита на животна средина од страна на инвеститорот и Елаборатот треба да се одобри од Министерството за животна средина и просторно планирање („Сл. Весник на РМ“ бр. 36/12);
- Правилник за листа на проекти за кои треба да се изготви Елаборат за заштита на животна средина од страна на инвеститорот и Елаборатот треба да се одобри од градоначалникот на општина или од градоначалникот на Град Скопје („Сл. Весник на РМ“ бр. 32/12).

Содржината на Елаборатот за заштита на животна средина треба да биде во согласност со Правилник за формата и содржината на елаборатот за заштита на животната средина, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на регистарот за одобрени елаборати („Службен весник на РМ“ бр. 123/12).

Елаборатот ги содржи главните карактеристики на проектните активности, главните позитивни и негативни влијанија врз животната средина кои што се воочени од моменталната состојба на животната средина за конкретната локација. Поедноставената Програма за заштита на животната средина се состои од разноразни мерки што ќе го спречат, ублажат и компензираат негативното влијание врз сите елементи на животната средина врз основа на националната легислатива за животната средина и добрата меѓународна пракса. Не се предвидува одржување на јавна расправа за подготовка и прифаќање на Елаборатот за заштита на животна средина.

На Слика 8 е прикажана е упростена шема за постапката за оцена на влијанието на проектите врз животната средина како и надлежниот орган за одобрување на ОВЖС Студијата/Елаборатот.

**Слика 8** Процедура за оцена на влијанието на проектите врз животната средина за проекти со мал обем (Елаборат за заштита на животна средина)

Согласно пропишаните барања за оцена на влијанието на проектите врз животната средина во националната регулатива за предвидените активности во подпроектот „Реновација, реконструкција и доградба на вила Вангелина“ потребно е да се изработи Елаборат за заштита на животната средина за пристапниот пат. Подготвен е Елаборат за заштита на животната средина и решението за одобрување на Елаборатот од о. Петровец е дадено во Прилог.

## Јавни консултации за Планот за управување со животната средина и социјални аспекти

Подготвениот План за управување со животната средина и социјалните аспекти (ПУЖС) за овој проект ќе биде дел од тендерската документација и договорот со изведувачот (заедно со предмер пресметката) што ќе бидат задолжителни за имплементацијата на предвидените мерки согласно Планот за ублажување и мониторинг. Имплементацијата на ПУЖС е задолжителна за изведувачот.

Надзорниот инженер, ангажиран од страна на општината, има обврска да ја набљудува и проценува имплементацијата на предложените мерки во рамките на планот за ублажување и мониторинг и да го известува инвеститорот и канцеларијата на проектот ПЛРК (Проект за локална и регионална конкурентност)/Општина Петровец.

Општината ќе известува за состојбата на животната средина и примената на мерките за ублажување и мониторинг во редовните извештаи за напредокот на подпроектот и во посебниот Извештај за имплементацијата на ПУЖС на секои три месеци (доколку не е

поинаку определено од страна на експертот за животна средина, одобрено од страна на експертот за животна средина од СБ). Овие извештаи ќе се проследуваат до експертот за животна средина.

Согласно РУЖС – (Рамка за управување со животната средина), овој ПУЖС мора да помине на јавна расправа пред подгрантот да биде конечно одобрен. Штом нацрт верзијата на ПУЖС ќе биде одобрена од страна на (ЕСП – Единица за спроведување на проект и од експертот за животна средина) и експертот за животна средина од СБ, истата ќе биде објавена на веб страницата на (ЕСП – Единица за спроведување на проект) (Кабинет на заменикот претседател на Владата на РМ за економски прашања), Агенцијата за промоција и поддршка на туризам и веб страната на засегнатата општина (Општина Петровец) каде што ќе остане достапна за јавноста барем 14 дена.

Печатен примерок ќе биде достапен во Единица за спроведување на проект (ЕСП) / Кабинет на заменикот претседател на Владата на РМ за економски прашања (КЗПВЕП) и Општина Петровец. Повикот за коментирање и учество во средбата за јавна расправа (со место и време) ќе оди заедно со ПУЖС. Средбата за јавна расправа ќе биде одржана во засегнатата општина кон крајот на периодот за консултации. Проактивно, Апликантот (Општина Петровец) ќе ги информира и покани големите чинители во проектот, вклучувајќи ги и локалните НВО, засегнатите заедници и општини непосредно и на соодветен начин. Поднесените коментари ќе бидат вклучени во Извештајот од јавната расправа, што ќе биде дел од финалната верзија на ПУЖС. На тој начин, сите коментари од јавноста ќе бидат достапни до апликантите и тие ќе ги земат во предвид сите релевантни коментари и ќе ги опфатат одговорите и забелешките во финалниот ПУЖС.

ПУЖС мора да помине на јавна расправа на англиски, македонски и албански јазик. Имплементацијата на Планот за управување со животната средина и социјалните аспекти ќе овозможи навремено преземање на предложените мерки и ќе придонесе кон реализацијата на проектните активности без значајни влијанија врз животната средина.

# 3. Основни податоци/Опис на општината

## 3.1 Институционална поставеност и капацитет на корисникот

Активностите во врска со имплементацијата на подпроектот „Подобрување на условите за развој на активниот туризам на локалитетот – Вртешка“ ќе бидат извршени на територијата на Општина Петровец од страна на вработените во Глобал Центар ДВД ДООЕЛ извоз-увоз -Куманово.

Друштвото за производство, градежништво, трговија, услуги и сообраќај ГЛОБАЛ ЦЕНТАР ДВД ДООЕЛ извоз-увоз, Куманово е основано во Куманово во 1989 год, под името СКОПСКО ДД ДООЕЛ, Куманово. Основната дејност на компанијата е трговија на големо со пијалоци и прехранбени производи за регионот Куманово, Пробиштип, Кратово и Крива Паланка. Во првите години од постоењето брои вкупно 45 вработени. Основното продажното портфолио е составено од палета на пијалоци на познатиот бренд ПИВАРА Скопје, а од 2003 година, портфолиото се збогатува со производите на најстарата винарија во Македонија, ТИКВЕШ, Кавадарци.

Во 2001 година, компанијата се пре-регистрира поради внесување на сегмент во градежништво. Компанијата има постигнато значителни успеси, а дистрибутивниот центар е наградуван повеќе пати како најдобро и најуспешно стовариште во земјата. Од 2008 година, СКОПСКО ДД ДООЕЛ, ја проширува својата дејност во производтсво на раноградинарски производи под оранжерии во Младо Нагоричане, Кумановско. Компанијата започнува со реализација на обемен инвестициски циклус во реконструкција на оранжериите на површина од 120.000 $m^2$. Направени се реновирања во електроинасталацијата и системите за наводнување, со што успешно се произведуваат раноградинарски култури од 2008 до 2017 година.

По истекот на договорот за регионално застапништво со компанијата ПИВАРА, Скопје, во 2016 година, СКОПСКО ДД ДООЕЛ е преименувано во ГЛОБАЛ ЦЕНТАР ДВД ДООЕЛ, Куманово. Во рамките на развојната стратегија на ГЛОБАЛ ЦЕНТАР ДВД, се вклучува и остварувањето на фамилијарната идеа за рурален туризам, така што, од 2011 година, компанијата вложува значителни средства во подигање на објектот “Вила Вангелина” и креирање на стратегија за развој на микро-туристичка дестинација во С. Блаце, општина Петровец.

Фактот дека ГЛОБАЛ ЦЕНТАР ДВД ДООЕЛ Куманово, успешно работи веќе 30 години во повеќе гранки, е доволен доказ за добро претприемачко искуство, успешно извршување на бизнисот и релевантност за реализација и подигање на фамилијарен рурален туризам. После ставањето во функција на “Вила Вангелина”, тимот кој ќе продолжи со работа е спремен да ја одржи функционалноста на оваа туристичка дестинација и да остварува добри резултати на долг рок.

Согласно националната легислатива од областа на животната средина на Република Македонија за реализацијата на проектот, Глобал Центар ДВД ДООЕЛ Куманово обезбеди Решение за одобрен Елаборат за заштита на животната средина за предвидените активности за реновација, реконструкција и доградба на вила Вангелина.

Согласно природата на предвидените проектни активности, следните дозволи во согласност со Законот за градење („Сл. Весник на РМ“ бр. 130/09 и измените) треба да се обезбедат: Градежна Дозвола за, како и одобрување за инсталација на опрема за детското игралиште. Сите инфраструктурни активности треба да се извршат во согласност со техничките барања од проектната документација кои што треба да бидат имплементирани од страна на Изведувачот на активностите.

## 3.2 Геолошки карактеристики, релјеф и геологија

Општина Петровец се наоѓа во југоисточниот дел на Скопската Котлина и непосредно припаѓа на долното сливно подрачје помеѓу реката Вардар и реката Пчиња. Во западниот дел, десно од реката Пчиња, која протекува на средина од подрачјето на Општина Петровец, се наоѓа рамништето на Скопско поле, додека на левата страна од реката, покрај нејзината алувијална рамнина спрема Отовичкото подрачје, се издига ридско земјиште како просторен дел познат под името Катлановско Брдо



**Слика 9** Локација на о. Петровец

Општината. Петровец се протега на површина од 222 km$^2$, и е средна по големина општина во Македонија.

Општина Петровец се одликува со поволна географска положба:

• Оддалеченост 17 км од главниот град Скопје;

• Оддалеченост 5 км од аеродромот ,,Петровец,, - Скопје;

• Се простира по автопатот Е-75, Скопје-Гевгелија-Солун;

• Се простира по регионален пат Р-103, Скопје - Велес;

• Оддалеченост 10 км од магистрална пруга Скопје-Белград.

*Геологија*

Геолошката основа е изградена од алувијално-делувијални седименти и глиновито-лапоровити наслаги. Тоа се слабо врзани стенски маси кои се карактеризираат со ниски инжинерско-геолошки вредности.

## 3.3 Хидролошки карактеристики

Предметната локација која се наоѓа во општина Петровец припаѓа на Водостопанското подрачје (ВП) Скопско, кое го опфаќа локалниот слив на реката Вардар од водомерниот профил Радуша до устието на реката Пчиња, без сливот на реката Треска со десните притоки Маркова и Кадина Река и левите притоки Лепенец и Серава.




**Слика 10** Хидрографска картс на Македонија

Вардар е најголема и најзначајна река во Македонија. Извира од карстен извор кај с. Вруток во југозападнито дел на Полошката Котлина во подножјето на Шар Планина на надморска височина од 683 м. Нашата земја ја напушта кај Гевгелија на кота од 43 м потоа тече низ Егејска Македонија (Грција) и се влева во Егејското Море. Вкупната должина на реката изнесува 388 км, од кои на нашата земја и припаѓа 301 км. Од изворот до вливот зафаќа сливна површина од 28.588 км2 од кои во Република Македонија се наоѓаат 20.535 км2 , во соседна Грција 6.843 км2 и на север во Р. Србија 1.210 км2 (горните текови на Лепенец и Пчиња). Основна одлика на неговата долина е нејзиниот композитен, односно полигенетски карактер, бидејќи, низ нашата земја, тече низ пет котлини и четири клисури. Тие наизменично се менуваат и тоа: Полошката Котлина (63,5 км), Дервенската Клисура (21,5 км), Скопската Котлина (51 км), Таорската Клисура (31 км), Велешката Котлина (7,5 км), Велешката Клисура (22,0 км), Тиквешката Котлина (55 км), Демиркаписката Клисура (19,5 км) и Валандовско-гевгелиската Котлина (30 км). Од вкупната должина на долината на Вардар две третини (207 км) е рамничарска, а една третина (94 км) е клисурска долина. На својот тек низ нашата земја, Вардар прима 37 притоки подолги од 10 км. Од нив 16 се слеваат од десната, а 21 од левата страна.

Пчиња по должина е втора лева притока на Вардар. Изворот и се наоѓа на територијата на Република Србија, поточно под врвот Бела Вода на планината Дукат на надморска височина од 1.664 м, а во Вардар се влива во Таорската Клисура на надморска

височина од 191 м. Вкупната должина на речниот тек изнесува 135 км со среден пад од 10,9 промили. Има сливна површина од 2.840 км2 од кои во Р. Македонија 2.317 км2 а во Вардар средногодишно внесува 16 м3/с вода. Минималните водни протоци кај Катлановска Бања изнесуваат 1,30 м3/с а максималните 702 м3/с. Од изворишнито дел Пчиња свртува во голем лак кон југозапад и југ и под манастирот Св. Прохор Пчињски влегува на територијата на Р. Македонија и низ неа тече во должина од 76 км.

Од излезот од клисурата кај с. Пелинце, Пчиња влегува во Кумановската Котлина, во која долината и се проширува а од Младо Нагоричане веќе се образува и пространа алувијална рамнина, со површина од 3.000 ха на апсолутна височина од 200 до 300 м и наместа широка повеќе од 2 км. На овој потег во Кумановската Котлина, Пчиња тече во должина од околу 30 км, има наклон само од 2,5‰, меѓутоа овде ги прима своите две главни притоки Крива Река кај с. Клечевце и Кумановска Река кај с. Доброшане.

Други поголеми притоки на Пчиња се: Бистрица (17,5 км), Драгоманска Река (11 км), Петрошница (23 км) и реката Лука (17 км). Основни карактеристики на сливот на Пчиња кој во целост има просечна височина од 760 м, е присуството на интензивни ерозивни процеси. Како нивна последица на повеќе места во коритото на оваа река, како и на нејзините притоки е депониран огромен наносен материјал, а и самата вода во Пчиња при секои врнежи редовно е матна.

Релизацијата на проектните активности нема да предизвика негативно влијание врз квалитетот и квантитетот на водите на територијата на Општина Петровец.

### 3.4 Клима

Ова подрачје е под влијание на континентална средозмена клима. Тука се судруваат континенталната клима од север и медитеранската од југ, чие влијание е ослабено, но сепак се чувствува. Основни карактеристики се остри и влажни зими како и суви и жешки лета.

Теренот е изложен на северни и североисточни ветрови, а во летниот период и на локални ветрови од Скопска Црна Гора. Со најголема честина е северниот ветар од 142%, па североисточниот ветар со честина од 120%, југоисточниот 114%, јужниот 82%, северозападниот 81%, западниот 74% и источниот со честина од 56%. Температурите на воздухот се со идентични вредности како во целото Скопско Поле, минимални се во јануари, а максимални во јули со тоа што поради поголемата проветреност маглите се појавуваат просечно околу 50 денови и се карактеристични утринските мразеви до крајот на април. Вкупните просечни годишни врнежи се дижат околу 504 мм со максимум во ноември и мај. Сушниот период трае од јули до септември со честа појава на сушни периоди подолги од 60 дена. Просечниот број на ведри денови во текот на годината има 86, облачни денови 184, а тмурни 95. Релативната влажност на воздухот изнесува 70%.

Просечна годишна температура изнесува 12°C, просечна годишна максимална температура 18,2°C, а минимална 6°C.

## 3.5. Население

На територијата на Општина Петровец егзистираат 17 (седумнаесет) населени рурални места, кои според местоположбата се распределени во три рурални центри:
• Петровец - седиште на Локалната самоуправа, во кое се опфатени селата: Ржаничино, Огњанци, Ќојлија и Чифлик;
• Катланово во кое се опфатени селата: Брезица, Градманци, Летевци, Бадар, Блаце и Кожле;
• Средно Коњари во кое се опфатени селата: Долно Коњари, Горно Коњари, Сушица и Дивње.

**Слика 11** Населени места во о. Петровец

Според пописот во 2016 година општината брои 9.089 жители.

**Слика 12** Демографска карта на о. Петровец

## 3.6 Природни ресурси

Територијата на Општина Петровец, според рељефот и конфигурацијата на теренот е рамничарско-ридска со вкупна површина од 198,86 km$^2$ и се вбројува во средни по големина на простор општини во Република Македонија.

Вкупната аграрна површина изнесува 18 619 хектари од кои:

• Обработливо земјиште - 7 309 хектари;

• Пасишта - 5 438 хектари;

• Шуми - 5 911 хектари.

Водни ресурси:

• Река Вардар, во должина од 14 км и како гранична линија со Општина Зелениково;

• Река Пчиња, во должина од 25 км.

Како карактеристична планина во оваа општина е Градиштанска (Слика 13).

Градиштанска Планина (Градманска Планина, Ѓуришка Планина или Ѓуриште) — ниска и доста расчленета планина што се протега во правец ЈЗ-СИ, помеѓу долниот тек на Пчиња на запад и Овче Поле на исток, во должина од околу 30 км.[1]Просечната ширина е околу 9 км со вкупна површина од 230 км². Највисок врв е Градиште или Ѓуриште (861 м), потоа Венец(853 м), кој се наоѓа во средишниот дел, Голиќ (790 м) во северниот дел и Црн Врв во јужниот дел на планината. Големата расчленетост и бројните ридови на планината се обраснати со густи нискостеблести и грмушести растенија како дрен, прнар,

див јоргован, но и листопадни дрвја како даб, врба, топола и јасика. Хидрографски, Градиштанска Планина се одликува со голем број на доста силни и издашни водени извори и кратки планински потоци и брзаци. Во западниот дел на подножјето на планината во Катланово крај Пчиња избиваат термални извори на лековита минерална вода, на кои е изградена познатата Катлановска Бања. Од животинскиот свет на планината се застапени дивокозите, кртовите, лисиците, волците, ласиците, диви зајаци како и дивите птици еребица, фазан, потполшка, при што доста е развиен ловот, за што постојат и повеќе ловни домови.

**Слика 13** Планина Градиштанска

## 3.7 Биодиверзитет

На територијата кадешто ќе се одвиваат активностите не се застапени заштитени области, ретки и загрозени видови, застапена е само рудерална вегетација, ниско стеблески растенија и грмушки.

На поширокатa област каде што ќе се одвиваат активностите во о. Петровец застапена е растителната заедница Querco-Carpinetum orientales macedonicum Rudski apud Ht.. Оваа заедница е термална и ксерофилна и во истата доминира *Quercus pubescens* и белиот габер. Покарактеристични растителни видови и нивниот IUCN статус се:

- *Quercus pubescens - LC;*
- *Fraxinus ornus- LC;*
- *Cornus mas- LC;*
- *Silene viridiflora - NA;*
- *Cyclamen hederifolium - NA;*
- *Ranunculus psilostachya - LC;*

- *Symphytum bulbosum - DD;*
- *Tamus communis - NA;*
- *Carpinus orientalis - LC;*
- *Acer monspessulanum- LC;*
- *Euonymus verrucosus- LC;*
- *Iris sintenisii - NA;*
- *Lithospermum purpurocaeruleum- NA;*
- *Saxifraga bulbifera- NA;*
- *Geranium sanguineum-NA, etc.*

Во катлановскиот предел застапена е и расттиелната *Erythronio - Carpinetum orientalis*. На левата страна на Пчиња има мошне интересна флора, како: *Erythronium dens-canis (NA), Galanthus gracilis (DD), Scillia bifolia (LC), Fritillatia graeca var. gussichiae (DD), Anemone ranunculoides (NA)*, и др.

Од фауната во реката Пчиња карактеристичен е слатководниот рак, зелената жаба и водната желка.

## *Заштитени подрачја во о. Петровец*

На територијата на општина Петровец се наоѓа Катлановскиот предел кој е прогласен за споменик на природата во 1991. Овој споменик на природата се наоѓа на левиот и десниот брег на реката Пчиња и левиот брег на реката Вардар, до уститето на овие две реки. Заштитената површина изнесува 5442,6 хектари и се простира во атарот на селата Катланово, Бадар и Кожле.

На заштитениот простор од Катлановскиот предел, општа карактеристика на флората и вегетацијата, се должи на доминирањето на термални и ксерофилни растенија и растителни заедници. Овде се среќаваат поголем број Медитерански растенија (*Ruskus aculearis, Asparagus acutifolius, Jasminum fruticans, Rus coriaria*). Постојат растенија што се на работ на северната распространетост (од Мала Азија до Македонија), како што се: *Juniperus excelsa, Podocytisus Caramanicus, Astragulus ponticus*. Сета дрвна растителност на овој простор припаѓа на дабовите шуми. На споменатиот простор е констатирано присуство од 75 вида дрвја и грмушки. Во атарот на село Кожле, на десниот брег од реката Пчиња се простира најсеверниот ареал на фојата (*Juniperus excelsa*) во нашата земја.

На десниот брег од реката пчиња каде што е Бањскиот Рид, под овие височини само на неколку метри од реката постои тераса и тука се наоѓа Катлановска Бања.




**Слика 14** Локација на Катлановска област (национална Емералд мрежа на Македонија)




**Слика 15** Заштитени области во македонија со означен Катлановски предел (црвена стрелка) и Катлановко Блато (црна стрелка)

Катлановска бања е туристичка атракција и понуда на изворите на термалната и термоминералната вода,

Катлановска Бања.- Се наоѓа во источниот крај на Скопска Котлина, во долното течение на реката Пчиња над селото Катланово. Главниот извор се наоѓа од десната страна на реката Пчиња на надморска височина од 230 м, во варовит терен. Хидротермалниот систем припаѓа на карсно пукнатинските системи. Развиен е во терен со блоковска структура и тоа во падината на дебели терциерни седименти. Во поширокатa

околина на бањата постојат 6 извора и една дупнатина. Количината на водата изнесува 15 л/сек, а температурата 50 $^{o}$C. По хемискиот состав водата спаѓа во групата на сулфурно-алкални води. Се користи за здравствено-рекреативни цели.

Друга природна карактеристика е Катлановско Блато. Катлановско Блато е ихтио-орнитолошки резерват во близина на Скопје кој се протега на површина од 70 хектари. Ова блато е остаток од поранешното Неогено езеро во Скопје. Се до 1968 год. беше единственото природно мрестилиште на крап и други слатководни риби од реката Вардар. Ова блато е многу битно место за престојување на голем број на миграторни птици од Европа.

**Слика 16** Катлановско блато

Покрај Катлановското Блато на територијата на мини регионот се наоѓа и еколошката зона Бадар.Таа е лоцирана после Катланово по течението на реката Пчиња и зафаќа голема површина, од Катланово па се до Црн Врв. Во Бадар не само што има прекрасна природа туку тоа е и зона преполна со природни реткости.

Локацијата кдешто ќе се одвиваат проектните активности се на безбедно растојание од Катлановско блато, Катлановска бања и Бадар (3,5 km, 4 km, 2,2 km соодветно), такашто проектните активности нема да предизвикаат негативно влијание по овие природни ресурси.

**Слика 17** Поставеност на вила Вангелина во однос на Катлановско блато, Катлановска бања и Бадар (извор: Google Earth)

## 3.8 Културно наследство

Во рамките на Општина Петровец се наоѓаат повеке постари средновековни цркви и манастири меѓу кои: црквениот манастир од 18 век ,,Свети Спас,, во н.м Кожле,црквата ,,Св.Тројца,, во н.м Ќојлија црквата ,,Св.Ѓорѓија,, во н.м Петровец, во н.м Катланово се наоѓаат црквите ,,Св.Никола,, и ,,Св Недела,, која се наоѓа во близината на Катлановска Бања,црква ,,Св.Георги Победоносец,, тоа е селска црква која е изградена во периодот на XVI и XVII век.

На локацијата кадешто ќе се одвиваат проектните активности не е застапено културно наследство.

# 4. Влијанија врз животната средина и социјални аспекти

Реализацијата на предвидените активности на подпроектот „Реновација, реконструкција и доградба на вила Вангелина“ ќе предизвика одредени влијанија врз околната животна средина и социјалните аспекти. Подготовката на овој План е со цел да се лоцира и да се утврди постоење на некакви штетни ефекти врз животната средина за време на реализацијата на планираните проектни активности.

Влијанијата врз животната средина од овој тип на проектни активности се категоризираат во два главни типа на активности:

- Фаза на реконструкција (реновација и реконструкција на апартмани, инсталација на опрема во кујната, активности за партерно уредување на паркинг и детско игралиште);
- Фаза на користење (употреба на вилата и сите останати структури предвидени со овој подпроект).

Со реализација на предвидените активности со подпроектот „Реновација, реконструкција и доградба на вила Вангелина“ ќе се предизвикаат одредени влијанија врз животната средина и социјални аспекти.

## 4.1 Емисии во воздух

Локацијата на подпроектот е релативно мирно место, без интензивен сообраќај кој драматично би влијаел врз животната средина и загадувањето на воздухот. Со реконструкцијата и реновацијата, користењето и одржувањето на планираната инфраструктура, не се очекуваат значителни промени во квалитетот на воздухот, со оглед на тоа дека обемот на работа е ограничен на реконструкција на апартмани, како и партерно уредување на детското игралиште и паркинг простор. Дополнителни емисии од загревање и ладење на објектот не се очекуваат поради фактот што ќе се употребува електрична енергија за оваа намена.

**Фаза на реконструкција и реновација**

За време на оваа фаза ќе се појават следните емисии:

- Фугитивна емисија на прашина од активностите на реконструкција на апартманите, конференциска сала, чистење на тернот (одстранување на вегетација), инсталација на опрема за детското игралиште;
- Емисија на издувни гасови од градежната механизација;
- Фугитивна емисија на испарливи органски компоненти од бои и лакови при процесот на реновација и реконструкција на постоечките апартмани.

Прашината генерирана од страна на механичките интервенции на транспортната механизација и на согорувањето на гориво, за време на градежните работи, влијае на блиска и далечна животната средина во зависност од големината на честичките (аеродинамичен дијаметар) и метеоролошките услови за време на активности, пред се поради брзината на ветерот (кои влијаат на нивната распространетост - трансмисија). Влијанието на фугитивната емисија на прашина генерирана за време на градежната фаза ќе биде засилено заедно со емисиите од градежната механизација.

Емисиите на издувните гасови во воздух ќе бидат генерирани од градежни машини.

Најчестите загадувачки супстанци создадени од издувните гасови се $SO_2$, NOx, CO, $PM_{10}$, несогорени јаглехидрати, сулфур, олово, бензен и други ароматски јагленоводороди кои придонесуваат за второстепено производство на озон и сите тие се присутни како директна или индиректна закана за здравјето на луѓето и животната средина.

Видот и количината на издувни гасови ќе зависи пред се од типот на горивото, состојбата на возилата, фреквенцијата на движење и времетраењето на нивните активности.

Сепак, квалитетот на горивото во Македонија ги следи Европските стандарди и истото е контролирано од страна на акредитирани лаборатории. Па така, можеме да заклучиме дека мобилните извори не претставуваат закана за квалитетот на воздухот.

Фугитивната емисија на испарливи органски компоненти од употреба на бои и лакови нема да предизвика големо влијание врз квалитетот на воздухот, бидејќи овие супстанции се лесно испарливи и остануваат краток временски период во воздухот. Изведувачот на активностите треба да употреби еколошки поволни бои и лакови со што ќе се минимизира влијанието по животната средина.

За време на градежните активности, најчувствителните рецептори кои ќе бидат изложени на емисии во воздухот ќе бидат вработените.

Влијанието врз квалитетот на воздухот може да се оцени како краткорочно, локално

**Оперативна фаза**

Во оваа фаза влијание врз воздухот ќе предизвикаат само возилата коишто ќе пристигнуваат на локацијата на вила Вангелина и ќе се паркираат. Ова влијание е долгорочно, повторливо со минимален интензитет и значење и со локален карактер.

## 4.2 Емисии во вода

**Фаза на конструкција и реконструкција**

За време на активностите предвидени во подпроектот, не се очекуваат никакви емисии во подземните и површинските води. Во близина на предметната локација нема воден тек кој ќе биде засегнат од планираните активности. Од особена важност е да се избегне протекување на масло и лубриканти од машините што ќе се користат за време на предвидените активности и нивен директен контакт со почвата, а индиректно и со подземните води.

Секое истекување на бои во постоечката канализација/септичка јама треба да биде избегнато од страна на Изведувачот. Несоодветното управување со отпад може да предизвика негативно влијание врз почвата и подземните води. Доколку превентивните мерки прикажани во Планот за ублажување не се имплементираат соодветно проектните активности може да предизвикаат значителни влијанија врз површинските, подземните води и почвата. Изведувачот на активностите за вработените ќе обезбеди мобилни тоалети.

**Оперативна фаза**

Во оваа фаза емисиите во водите ќе бидат генерално исти како досега, односно од санитарните јазли на локалитетот. Сите отпадни води ќе се одведуваат и собираат во постоечката бетонирана септичка јама (5m x 5m x 3m = 75m$^3$).

## 4.3 Емисии во почва

Проектните активности што ќе се изведат со примена на соодветни мерки нема да предизвикаат негативно влијание врз почвата. Изведувачот треба да воспостави соодветен систем за управување со отпад, така што отпадот ќе се складира и одлага соодветно во садови и потоа превзема од овластени компании. Изведувачот нема да дозволи истекување на отпадно масло од градежната механизација. Проектните активности треба да се изведат на таков начин со кој ќе се спречи инцидентно истекување во почвата, како и да се спречи нарушување на почвената структура од градежната механизација.

Можните инциденти негативни влијанија вклучуваат протекување на масла, лубриканти и други хемикалии, како и нарушување на горниот почвен слој како резултат на ерозија. Изведувачот треба да ги земе во предвид сите предложени мерки за претпазливост и ублажување од Планот за ублажување со цел да се спречи евентуалното истекување на горива, моторно масло и др. од градежната механизација.

**Фаза на реконструкција и реновација**

Во оваа фаза се очекуваат следните емисии:

- Инцидентно истекување на масти и масла од градежната механизација кои може да доспеат до подземните води;
- Несоодветно управување со отпадот.

**Оперативна фаза**

Во оперативната фаза емисијата на издувните гасови кои се резултат на возилата коишто го користат паркинг просторот на вилата се со помал интензитет и влијанија врз почвата.

Можеме да резимираме дека влијанијата од активностите на вила Вангелина нема да предизвикаат големо негативно влијание врз почвата.

## 4.4 Бучава

Зборот „бучава“ го означува секој непријатен звук што човековото уво тешко го поднесува. Бучавата како комплексен физички феномен зависи од интензитетот, времетраењето и зачестеноста, и негативно влијае врз психо-физичката состојба и трајно и делумно го оштетува слухот.

**Фаза на реконструкција и реновација**

Во текот на активностите за реализација на предвидените проектни активности ќе се јави зголемено ниво на бучава како резултат на градежни активности за реновација, реконструкција на апартманите, уредување на паркинг просторот, инсталација на опрема во детското игралиште. Бучава ќе предизвикаат и возилата коишто ќе вршат транспорт на материјали и отпад.

Генерираната бучава ќе предизвика минорно влијание поради тоа што ќе биде со ограниченот траење и локален карактер.

Влијанието од бучавата ќе биде незначително доколку Изведувачот ја употребува градежната механизација во согласност со техничките стандарди и активностите се одвиваат дење (7-19 часот). Бучава ќе се емитира и од електричните уреди при процесот на рушење, меѓутоа истата нема да предизвика значително влијание по животната средина. Бучава ќе биде предизвикана и од електричните алати кои ќе се употребат за време на реконструкција на апартманите, но истата ќе биде со минимален интензитет и нема да предивика негативно влијание врз животната средина.

Од суштинско значење за влијанието на бучавата врз животната средина е растојанието од населените места, геолошките карактеристики и конфигурацијата на теренот.

Според Правилникот за локациите на мониторинг станици и мерни места ("Службен весник на РМ" бр 120/08), проектната локацијата ќе биде во подрачје со IV степен за заштита од бучава кое е наменето за индустриски и други активности кои може да предизвикаат бучава со поголем интензитет (поради близината на Скопскиот Интернационален Аеродром).

Во ова подрачје дозволени се следните нивоа на бучава: Ld - дење (период од 07:00 до 19:00) – 70 dB; Lv - вечер (период од19:00 до 23:00) - 70 dB и Ln ноќе (период од 23:00 до 07:00) – 60 dB.

Во близина на локацијата каде што ќе се одвиваат проктните активности нема населени места и други сензитивни рецептори, така што бучавата нема да предизвика негативно влијание врз локалното население.

**Оперативна фаза**

Во оваа фаза бучава ќе создаваат посетителите на локалитетот кои ќе ги користат предвидените структури за забавни активности, како и возилата кои ќе пристигнуваат на локалитетот. Создадената бучава нема да предизвика значително негативно влијание врз животната средина.

## 4.5 Создавање и управување со отпад

За време на проектните активности количината на отпад кој што ќе се создава ќе биде варијабилна.

**Фаза на реконструкција и реновација**

Доколку несоодветно се управува со отпадот кој ќе се создаде за време на оваа фаза може да предизвика негативно влијание по животната средина. Создадениот отпад во оваа фаза ќе биде инертен (вишок земјан материјал од уредувањето на паркинг просторот, остатоци о бетон, плочки и сл.) ќе има и рециклибилна фракција (како харија, пластика, стакло, дрво). Според Листата на видови отпад, создадениот отпад во оваа фаза може да се класифицира како мешан комунален отпад од вработените, градежен отпад, како и мала количина на опасен отпад како резултат на инциденто излевање на масла и лубриканти од возилата и опасен отпад од пакување. Биодеградибилен/органски отпад ќе се создаде при чистење на тернот и одстранување на вегетацијат при партерното уредување и реконструкција на пристапниот пат. Набавката и инсталацијата на опремата може да предизвика создадавање на неопасен отпад (хартија, картон, пластика и други синтетички материјали) и отпад од пакување. Од употребата на бои и лакови ќе се создаде опасен отпад од пакување.

Од предвидените активности за реновација на апартманите и инсталација на нова опрема и мебел ќе се генерира и градежен отпад, како дрвена пилевин, гипс картон, метал, стакло, пластика, плочки, опасен отпад, остатоци од бои и лепила, како и отпад од палување.

Инертниот отпад од градежните активности што ќе се создаде спаѓа во категоријата - неопасен отпад. Тој не влијае негативно врз животната средина, но сепак е неопходно да има локација каде што тој отпад ќе биде одложен. Интертниот отпад (на пр. почва, бетон, здробени камења и тули, итн.) може да покрие големи површини и може да го влијае негативно врз пејзажот. Најголемиот дел од ископаната земја ќе се употреби за уредување на паркинг просторот, детското игралиште и ќе се складира за понатамошна употреба или ќе се одложи на депонија одобрена од општината. Количините на отпад ќе бидат минимални ако се примени правилно управување со отпадот користејќи ги најдобрите достапни практики за намалување на отпадот. Изведувачот на активностите има обврска за имплементација на соодветен систем за управување со отпадот.

Создадениот градежен отпад ќе биде пренесен до најблиската легална депонија. Отпадот од реконструкцијата на планинарскиот дом и од другите активности ќе биде депониран на привремена локација и подоцна ќе биде собран од комуналното претпријатие „ЈП Петровец“ и одложен во легална овластена депонија.

На локацијата нема да се создаде отпад од азбест ниту пак радиоактивен отпад од громобранската инсталација, како и нови материјали коишто ги содржат овие состојки нема да бидат употребени.

**Оперативна фаза**

Во оваа фаза ќе се создаде мешан комунален отпад од посетителите на локацијата и

вработените. На локацијата поставени се садови за отпад така што ќе се примени соодветно управување со отпадот на локацијата.

## 4.6 Влијание врз природа, живеалишта и видови

Влијанијата врз биодиверзитетот од реализација на проектните активности ќе бидат незначителни. На локацијата каде ќе се одвиваат активностите не се евидентирани ретки и загрозени видови, застапена е само рудерална вегетација, грмушки и нискостеблести растенија.

Проектните активности што ќе се извршат на локацијата предвидена за подпроектот ќе бидат внимателно испланирани и имплементирани со цел да не се предизвика вознемирување на живеалиштата, растителниот и животински свет.

**Фаза на реконструкција и реновација**

Во оваа фаза влијание врз околниот биодиверзитетот ќе се случи како резултат на употреба на градежна механизација, генерирање на бучава, фугитивна емисија на прашина и емисија на издувни гасови, како и зголемување на бројот на вработени на локацијата. Исто така, постои ризик од несоодветно постапување со отпадот и палење на оган. Влијанијата може да се категоризираат како локални и ограничени само на локацијата кадешто ќе се одвиваат активностите на реконструкција и градежните активности.

**Оперативна фаза**

Бидејќи на локацијата не се застапени ретки и загрозени видови и живеалишта влијанијата врз биодиверзитетот ќе бидат незначителни преку примена на соодветни мерки за ублажување.

## 4.7 Влијание врз социјални аспекти

Проектните активности не опфаќаат експропријација на земјиште и затоа не постојат социјални влијанија како резултат на експропријација на земјиште и проблеми поврзани со расселување. За време на реализацијата на предвидените проектни активности може да се појават влијанијата врз безбедноста и здравјето на извршителите на активностите како резултат на зголемена бучава, фугитивна емисија на прашина, емисија на издувни гасови, итн. Но овие влијанија ќе бидат краткотрални и ограничени на просторот околу локацијата предвидена со проектните активности. Имплементацијата на порпоектот ќе предизвика позитивно социо-економско влијание врз регионот како резултат на можноста за вработување на локалното население и други социјални придобивки.

Најголемата придобивка ќе биде можноста за развој на руралниот еко-туризам, развојот на локалните занаети и развојот на локалната економија. Поставувањето на оваа локација на туристичката мапа ќе овозможи подобро информирање на туристите и ќе создаде можности за понатамошен развој. Секако дека позитивните социо-економски придобивки што ќе произлезат од овој проект ќе бидат поголеми од негативните ефекти врз природата и животната средина, со што се објаснува оправданоста на имплементацијата на овие проектни активности.

# 5. Мерки за ублажување

Мерките за ублажување што се опишани во овој дел се општи, а деталните задолжителни мерки за ублажување се дадени во табела во поглавјето - План за ублажување и мониторинг.

Изведувачот мора да се согласи со сите барања со цел да се елиминира можноста од потенцијални повреди на работниците, локалното население и туристите. Сите активности околу реконструкцијата мора да се извршат од страна на обучени работници.

Страни задолжени за имплементирање на програмата за заштита на животната средина се:

1. Изведувач (фирма избрана на тендер)
2. Инженер-надзор
3. Апликант (корисник) / Глобал Центар ДВД ДООЕЛ, Куманово

## 5.1 Воздух

За време на предвидените градежни активности, следните превентивни мерки треба да бидат имплементирани со цел да се минимизира негативното влијание врз воздухот:

- Определување на времетраењето на активностите на локацијата;
- Ограничување на непотребно одвивање на сообраќај на локацијата каде се предвидени активностите;
- Употреба на квалитетно гориво (согласно националната регулатива);
- Употреба на лична заштитна опрема за вработените;
- Примена на мерки за заштита на возилата и опремата – воглавно мерки за одржување на инсталацијата за издувни гасови, филтрите, како и редовно сервисирање на градежната механизација со цел да се спречат емисиите и протекувањето на масти и масла.

## 5.2 Вода

За време на градежните работи и активностите за реконструкција, следните превентивни мерки треба да бидат имплементирани со цел да се минимизира негативното влијание врз површинските и подземните води:

- Вршење редовно одржување на возилата и градежната механизација и периодични поправки согласно процедурите со цел да се намали протекувањето, емисиите и распрснувањето (за време на изградбата). Одржувањето и поправките на возилата и градежната механизација е забрането да се врши на самата градежна локација;
- Возилата и градежната механизација на изведувачот да ги користат постоечки пристапни патишта;
- Внимателно избирање на локацијата за складирање на градежните

материјали, складишта/одлагање на градежниот отпад (да биде на локација одобрена од о. Петровец);
- Ископаниот земјен материјал да биде привремено и соодветно складиран на локацијата;
- Сите опасни материи и опасен отпад да се чуваат одделно и во соодветно означени садови.

## 5.3 Почва

За време на градежните работи и активностите за реконструкција, следните превентивни мерки треба да бидат имплементирани со цел да се минимизира негативното влијание врз почвата:

- Внимателно планирање на градежните работи со цел да се намалат негативните ефекти и да се овозможи спречување на загадување на почвата;
- Намалувањето на големината на локацијата поради ограничување на опфатот/земјиштето кое ќе претрпи негативно влијание;
- Ограничено движење на механизацијата со цел да се намали притисокот врз почвата и создавањето на вибрации;
- Сите опасни материјали, како на пример, гориво, подмачкувачи, лепила, како и отпад од пакување се неинертен отпад и истиот мора да се смести во посебни соодветни садови (соодветни за прифаќање и складирање на секакви материјали) сместени на градежната локација, заштитени од екстремни временски услови (дожд, ветер);
- Заштита на градежните материјали и сопирање на градежните активности во услови на поројни дождови;
- Областа на градежната локација ќе биде означена, како и локациите кадешто привремено ќе се складира градежен отпад треаб да биодат соодветно означени и со адекватна сигнализација;
- Локациите каде што ќе се одлага виошокот земјан материјал мора да поседуваат соодветни дозволи;
- Во случај на појава на загадена почва од евентуално испуштање на масла од градежната механизација загадената почва треба да се отстрани и истата да биде третирана како опасен отпад, а за понатамошното постапување со опасниот отпад Изведувачот треба да постапи согласно Член 57 од Законот за управување со отпад („Сл. Весник на Р. Македонија“ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 82/09, 124/10, 09/11, 47/11, 51/11, 163/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 39/16 и 63/16).

## 5.4 Бучава

За време на градежните работи и активностите за реконструкција, следните превентивни мерки треба да бидат имплементирани со цел да се минимизира негативното влијание врз бучавата:

- Градежните активности може да се изведуваат само дење (07-19 часот) и нивото на бучава не треба да надмине 70dB-дење;
- Воспоставување на соодветен сообраќаен режим за возилата на изведувачот за време на активностите за реконструкција, реновација и доградба и соодветна сигнализација;
- Градежните активности треба соодветно да се планираат за да се намали времето на користење на опремата што создава бучава со најголем интензитет;

- Бидејќи активностите ќе се одвиваат во рурална средина во чијашто близина нема население места, влијанието од бучавата ќе биде незначително;
- За време на оперирањето, капаците за генераторите на моторот, компресорите за воздух и другата механичка опрема за која е потребно електрично напојување, треба да бидат затворени;
- Употреба на најдобрите градежни практики со посебно истакнување на нивоата на бучава.

## 5.5 Отпад

За време на градежните работи и активностите за реконструкција, следните превентивни мерки треба да бидат имплементирани со цел да се минимизира негативното влијание од создавањето на отпад:

- Класифицирање и означување на отпадот согласно националната Листа на отпад („Службен весник на РМ“ бр.100/05),
- Стапување во контакт со овластени компании за собирање, транспорт на различни видови отпад и обезбедување на безбедно складирање/одлагање. Создадениот отпад на локацијата треба да се складира на соодветно означени локации и во соодветни садови со ознака на видот отпад (опасен/неопасен/инертен) се до моментот на негово собираање, транспортирање и финално постапување/одлагање. Возилата коишто го собираат и транспортираат отпадот од локацијата треба да бидат покриени за да се избегне дисперзија;
- Отпадот од активностите на реновирање на апартманите треба да биде предаден на овластена компанија која има добиено дозола од надлежен орган – МЖСПП;
- Проектните активности ќе завршат само по одстранување на создадениот отпад од локацијата и негово предавање на овластени компании;
- Забрането е палење на отпад на локацијата;
- Создадениот отпад доколку е можно треба да се реупотреби како градежен материјал (по претходно добиено одобрување од надзорен инженер, експерт за ЖС и др.);
- Отпадот од градежните активности треба да се одложи на депонија која е одобрена од о. Петровец;
- Отпадот што ќе се создаде за време на престојот и работењето на работниците на изведувачот, со применување на најдобрите пракси за управување, треба да биде собран, превземен и одложен на депонија што ги исполнува основните стандарди согласно законските акти.

## 5.6 Биодиверзитет (флора и фауна)

Како мерка за намалување на влијанијата при користењето на градежната механизација (вибрации, бучава и зголемено количество на издувни гасови) се препорачува користење на исправна и со соодветни технички карактеристики градежна механизација и употреба на адекватни погонски горива. Просторот што ќе биде опфатен со градежните работи треба да биде намален на миниум на градежната локација во фазата на планирање. Забрането е собирање огревно дрво од и околу работниот простор. Забрането е вознемирување на животните и собирањето растенија во таа област.

# 6. План за управување со животна средина и социјални аспекти – План за ублажување и мониторинг

## 6.1 Мониторинг план

Корисникот на средствата – Глобал Центар ДВД ДООЕЛ извоз-увоз, Куманово и Општина Петроцес се одговорна за усогласување на проектот со животната средина, имплементирање на проектот и негово функционирање во рамките на националната легислатива, на овој ПУЖС и во согласност со мерките што тој ги дефинира, како и во мерките на РУЖС (Рамка за управување со животната средина) на целиот проект. Набљудувањето на аспектите на животната средина и социјалните аспекти, како што е дефинирано во Планот за мониторинг, е одговорност на Глобал Центар ДВД ДООЕЛ. Глобал Центар ДВД ДООЕЛ ќе подготвува и поднесува извештаи за усогласувањето со животната средина и за исполнувањето на мерките за зачувување на животната средина и за мониторинг на процесот за напредок на ЕСП (Единица за спроведување на проект) во извештаите за редовен напредок на проектот, како и во тримесечните извештаи за време на периодот на имплементација.

Подготвениот План за животна средина и социјални аспекти за овој подпроект ќе биде дел од тендерската и договорната документација за сите проектни активности. Изведувачот ќе биде обврзан да ги имплементира предвидените мерки согласно Планот за ублажување. Инженерот-надзор има обврска да ја набљудува и евалуира имплементацијата на предложените мерки во рамките на Планот за мониторинг и да ги информира инвеститорите и канцеларијата за проектот (Општина Петровец).

Јавноста ќе биде вклучена во процедурата за процена на влијанијата за време на јавните расправи во Општина Петровец. Поднесените коментари ќе бидат опфатени во извештајот од јавните расправи, кој ќе биде дел од планот. На тој начин, сите коментари од јавноста ќе бидат достапни на апликантите и тие ќе ги земат сите релевантни коментари и ќе ги вклучат одговорите и забелешките во финалниот ПУЖС.

Имплементацијата на Планот за управување со животната средина и социјалните аспекти ќе овозможи навремено преземање на предложените мерки и ќе придонесе кон реализацијата на проектните активности без да се појават значителни влијанија врз животната средина.

**План за ублажување**

| Активност | Очекувани влијанија врз животната средина | Предложена мерка за ублажување | Одговорност за спроведување на мерката за ублажување | Период за спроведување на мерката за ублажување | Трошок поврзан со спроведување на мерката за ублажување |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подготвителна фаза** | | | | | |
| Подготовка на проектна документација и сл. | Можни негативни социјални и здравствени влијанија за работниците и локалното население како резултат со неусогласеноста со предложените безбедносните мерки | - Планирање на времето на започнување со проектните активности;<br>- Јавноста е информирана за отпочнување на работите преку известување во печатен медиум или на web страната на општината;<br>- Сите потребни дозволи, мислења и одлуки се добиени пред отпочнување со работите (вклучително и решението за одобрен Елаборат за ЗЖС);<br>- Службите за инспекција на заштитата на животната средина и безбедност и здравје при работа се известени за работите пред истите да започнат;<br>- Детското игралиште, и другите структури се проектирани во согласност со националната регулатива, како и согласно најдобрите практики и интернационалните стандарди за безбедност за ваков тип на структури | Глобал Центар ДВД ДООЕЛ извоз-увоз, Куманово, општина Петровец, Изведувач, Надзорен инженер | Пред отпочнување на градежните активности | Буџет на компанијата |
| | Загадување предизвикано од осветление; влијание предизвикано врз околен биодиверзитет | - Избор на соодветно осветлување/светилки кои нема да предизвикаат загадување | Глобал Центар ДВД ДООЕЛ извоз-увоз, Куманово, општина Петровец, Изведувач, Надзорен | Фаза на проектирање | Буџет на компанијата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | инженер | | |
| **Фаза на реконструкција и реновација** | | | | | |
| - Реновација и реконструкција | Можни негативни влијанија врз социјалните аспекти и здравјето на работниците и локалното население како резултат со неусогласеноста на безбедносните мерки | - Имплементирање на добра градежна пракса:<br>- Правилно обележување на проектните локации со траки и знаци за предупредување. Опасните локации (пр. дупки, базен) мора да бидат соодветно оградени и означени кога не се во употреба;<br>- Монтирање на знаци за намалување / ограничување на брзината за движење на возилата близу проектните локации;<br>- Пристап на неовластен персонал на локацијата не е дозволен;<br>- Воспотавување на сообраќаен режим од соодветен надлежен орган (полиција) за возилата на Изведувачот и поставување на знаци за безбедност, сообраќаен тек и пристап до локацијата;<br>- Поставување вертикална сигнализација и знаци;<br>- Со машините треба да управуваат само искусни и соодветно обучени лица, со што ќе се намали ризикот од несреќи;<br>- Сите работници мора да бидат запознаени со опасностите од пожар и мерките за заштита од пожар и тие мора да бидат обучени да ракуваат со противпожарни апарати, хидранти и други уреди што се користат за гасење пожар;<br>- Работниците мора да бидат соодветно обучени согласно активностите кои ги изведуваат и регулативата за заштита | Изведувач, Надзорен инженер | За време на реконструкција и реновација | Трошокот е предвиден во предмер пресметката |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | при работа,<br>- Уредите, опремата и противпожарните апарати треба секогаш да бидат функционални, за во случај да затребаат да се употербат брзо и ефикасно;<br>- Опремата за брза помош треба да биде достапна на локацијата и работниците треба да знаат да ја користат;<br>- Процедурите за итни случаи (вклучувајќи истурања, несреќи, итн.) се достапни на локацијата;<br>- Носењето на лична заштитна опрема на локацијата е задолжително;<br>- Детското игралиште, опремата за забава и другите структури се проектирани во согласност со националната регулатива, како и согласно најдобрите практики и интернационалните стандарди за безбедност за ваков тип на структури. | | | |
| **Влијанија врз воздухот** | | | | | |
| - Реновација и реконструкција | - Појава на фугативна емисија на прашина при изведна на градежни активности , како ископи, одстранување на вегетација, расчистување на теренот и сл;<br>- Издувни гасови од градежна механизација;<br>- Фугитивна емисија на испарливи органски компоненти од боите и | - Користење на исправна градежна механизација;<br>- Избегнување на работа на механизација во т.н. “празен од“;<br>- Определување на времетрањето на работа на машините;<br>- Локалното население ќе биде информирано за градежните активности и работното време;<br>- Покривање на градежната механизација со која се товара и истовара материјалот со цел да се спречи емисијата на прашина;<br>- Горниот почвен слој и ископаниот земјан | Изведувач, Надзорен инженер | За време на реконструкција и реновација | Трошокот е предвиден во предмер пресметката |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | лаковите | материјал да се складираат одвоено и оградат соодветно и заштитат, особено во случај на ветрови;<br>- Складирање на ископаниот земјан материјл на локации кои не се подложни на ерозија;<br>- Ангажираната градежна механизација да биде опремена со соодветна опрема со која се контролираат емисиите на штетни супстанции и истата да се одржува и атестира редовно;<br>- Употреба на еколошки поволни бои и лакови | | | |
| **Влијание врз вода и почва** | | | | | |
| - Реновација и реконструкција | - Излевање на погонско гориво или моторни масти и масла;<br>- Испуштање на отпадни комунални води од работниците;<br>- Хаварии на градежна механизација;<br>- Несоодветно постапување и управување со отпадот. | - Вршење редовно одржување на возилата и градежната механизација и периодични поправки согласно пропишаните процедури со цел да се намали протекувањето, емисиите и распрснувањето;<br>- Одржување, перење и поправка на возилата и градежната механизација е забрането да се врши на самата локација каде се предвидени градежните активности;<br>- Возилата и градежната механизација на изведувачот да ги користат само постоечките пристапни патишта;<br>- Отпадот не смее да се одлага во близина на воден тек;<br>- Не смее да се испушта отпадна вода во реципиент без третман;<br>- Внимателно избирање на локацијата за складирање на градежните материјали, складишта /локации за одлагање на | Изведувач, Надзорен инженер | За време на реконструкција и реновација | Трошокот е предвиден во предмер пресметката |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | градежниот отпад (истите мора да бидат одобрени од општината);<br>- Ископаниот земјен материјал да биде соодветно складиран на локацијата;<br>- Да се избегне секаков вид на протекување од отпадот кој се складира на локацијата (локациите каде што привремено ќе се складира отпадот да бидат заштитени од протекување и тие за опасниот отпад снабдени со секундарен систем за спречување на контаминација);<br>- Доколку се случи истекување на опасни материи истите да се одстранат, локацијата соодветно исчисти во согласност со мерките и процедурите за управување со опасен отпад;<br>- Секое истекување од локацијата каде што ќе се одвиваат активностите коешто е загадено со опасни материи да биде собрано во привремен сад за задржување и транспортирано до овластена пречистителна станица;<br>- Да се обезбедат мобилни тоалети за вработените и отпадната вода од истите да се собира од овластени компании;<br>- Да се спречи истекување на опасни субстанции од резервоарите (резервоарите да бидат снабдени со секундарен систем за заштита од загадување, односно со дупли ѕидови);<br>- Резервоарите за горива на градежната механизација редовно да се проверуваат и возилата да бидат паркирани само на асфалтирани површини или бетонски површини со вграден систем за | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | собирање на евентуалните истекувања;<br>- Да не се изведуваат градежните активности при неповолни временски услови (интензивни врнежи и сл.);<br>- Сите опасни материјали, како на пример, гориво, подмачкувачи, лепила, како и отпад од пакување се неинертен отпад и истиот мора да се смести во посебни соодветни садови сместени на локацијата и заштитени од екстремни временски услови;<br>- Во случај на појава на загадена почва од евентуално испуштање на масла од градежната механизација загадената почва треба да се отстрани и истата да биде третирана како опасен отпад;<br>- Водата за потребите на локацијата и за работниците ќе биде обезбедена од постоечки извори нема да има дупчење на бунар на локацијата ниту пак ќе се користи водата од постоечкиот природен извор на вода на локацијата;<br>- На локацијата нема да се применуваат антикорозивни материи;<br>- При нанесување на боите, лаковите ќе се превземат соодветни мерки за да се спречи случајно истекување;<br>- На локацијата ќе се применат мерки за управување со атмосферките води и мерки за заштита на почвата од ерозија.<br>- Паркинг просторот е опремен со систем за собирање на атмосферска вода како и систем за зафаќање на масла. | | | |
| **Управување со отпад** | | | | | |
| - Реновација и | - Создавање на мешан | - Селекција и сепарација на генерираниот | Изведувач, | За време на | Трошокот е |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| реконструкција | комунален отпад;<br>- Градежен отпад од градежните активности;<br>- Органски отпад од одстранета вегетација и чистење на теренот;<br>- Вишок на земјан материјал од ископите;<br>- Отпад од пакување;<br>- Опасен отпад (загадена почва и отпад од пакување на бои, лакови и сл.) | отпад;<br>- Класификација и означување на отпадот согласно националната Листа на отпад (“Службен весник на РМ“ бр.100/05);<br>- Утврдување на карактеристиките на отпадот;<br>- Складирање на локации за таа намена. Депониите за финално одлагање на одлагот мора да бидат одобрени од општината;<br>- Садовите за сите идентификувани видови на отпад се обезбедени во доволен број и соодветно поставени;<br>- Начинот на собирање, одлагање на отпадот и овластените депонии ќе бидат идентификувани за сите видови на отпад од градежните активности;<br>- За управување со опасниот отпад треба да се следат инструкциите од МЖСПП;<br>- Треба да се одвои отпадот од градежните активности од останатите текови на отпад, течниот отпад и отпадот од хемикалии треба да се складираат во соодветни садови;<br>- Записите од евиденцијата на отпадот мора редовно да се пополнуваат и чуваат на локацијата како доказен материјал;<br>- Колку што е можно повеќе и доколку е изводливо Изведувачот ќе обезбеди рециклирање и реупотреба на одредени видови на отпад;<br>- Одлагањето на секаков тип на отпад (вклучително и органски отпад) во околината и водните текови е строго | Надзорен инженер | реконструкција и реновација | предвиден во предмер пресметката |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | забрането;<br>- Отпадот од активностите на реновацијата на апртманите како: остатоци од дрво, гипс картон, метал, пластика да се предаде на овластена компанија;<br>- Ако отпадот има една или повеќе опасни карактеристики, создавачот и/или поседувачот се должни да го класифицираат во категорија опасен отпад и да постапуваат со него како со опасен отпад;<br>- Сите видови на отпад ќе бидат собрани и одложени само од овластени компании кои што поседуваат соодветна дозвола;<br>- Проектните активности ќе завршат по одстранување на целиот создаден отпад на локацијата и негово предавање на овластени компании;<br>- Забрането е палење на отпад на локацијата;<br>- Отпадот кој што ќе се создаде за време на престојот и извршувањето на активностите од страна на ангажираните вработени на Изведувачот треба да се собере, транспортира и одложи во овластена депонија која што ги задоволува стандардите од националното законодавство | | | |
| - Реновација и реконструкција | Токсични/опасни материјали и управување со отпад | - Привременото складирање на сите опасни и токсични материи на локацијата (вклучително и отпад) е дозволено само во безбедни садови соодветно обележани со карактеристиките, составот и информации за управување и | Изведувач, Надзорен инженер | За време на реконструкција и реновација | Трошокот е предвиден во предмер пресметката |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ракување;<br>- Со хемикалиите треба да се управува соодветно и да се применат мерки на претпазливост согласно MSDS;<br>- Опасните материи (вклучително и течен отпад) треба да се чуваат во отпорни садови од истекување со цел да се спречи негово истекување и истите треба да бидат снабдени со секундарен систем за заштита од загадување, кој не треба да биде со пукнатини и треба лесно да се празни;<br>- Садовите со опасни субстанции треба да бидат затворени со исклучок само кога се додаваат или одстрануваат субстанции/отпад. Со истите не треба да се управува на начин кој ќе предизвика протекување;<br>- Садовите коишто содржат запалив или реактивен отпад треба да се чуваат на оддалеченост од 15 метри од локацијата;<br>- Големи количини на гориво не треба да се чуваат на локацијата;<br>- Овој отпад не треба да се меша со други видови на отпад и треба да се транспортира и третира само од овластени комапнии;<br>- Бои со опасни материи и оние коишто содржат олово нема да се користат;<br>- Опасниот отпа ќе се предава само на овластени компании;<br>- Опасниот отпад ќе се одлага и обработува само од овластени компании;<br>- Локациите/одлагалиштата каде што ќе е одлага вишокот земјан материјал треба | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | да поседуваат соодветни дозволи. | | | |
| | - Управување со материјали и набавка на хемикалии | - На локацијата нема да се употребуваат материјали што содржат азбест, ниту пак бои што содржат олово;<br>- Минералните ресурси (тампон за паркинг просторот) се снабдуваат само од овластени компании кои што поседуваат соодветна валидна дозвола. Овие компании треба да имаат воспоставено процедури за ЗЖС и безбедност при работа согласно барањата на националната регулатива;<br>- Хемикалиите да се снабдуваат само од овластена компанија;<br>- Со хемикалиите да се управува согласно безбедносните листи – MSDS и со истите да ракува само обучен персонал;<br>- Доколку на локацијата се утврди присуство на азбест веднаш да се известат надлежниоте органи (МЖСПП и др.) и да се побараат соодветни инструкции. Азбестот мора да се изолира и соодветно одстрани од локацијата;<br>- Управувањето, одстранувањето и транспортот на азбестот да биде во согласност со националното законодавство и најдобри практики (спречување на оштетување-разнесување, прскање со вода за да се спречи емисија на прашина, отпадот од азбест да се спакува во херметички затворени пакувања, привремено чување во затворени простории, правилно обележани на сите три јазици, и др.); | Изведувач, Надзорен инженер | За време на реконструкција и реновација | Трошокот е предвиден во предмер пресметката |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | - Работниците коишто ракуваат со азбест да бидат снабдени со соодветна ЛЗО (заштитни маски зависно од типот на азбестот);<br>- Само овластени компании за управување со азбест може да бидат ангажирани;<br>- Одстранетиот азбест неможе повторно да се употреби;<br>- Доколку се утврди присуство на радиоактивни материјали на локацијата неопходно е да се ангажира лиценцирана компанија за нивно одстранување | | | |
| **Влијанија како резултат на зголемено ниво на бучава** | | | | | |
| - Реновација и реконструкција | - Зголемено ниво на бучава како резултат на градежните активности | - Градежните активности може да се изведуваат само дење (07-19 часот);<br>- Градежните активности треба соодветно да се планираат за да се намали времето на користење на опремата што создава најголема бучава;<br>- Нивото на бучава не треба да го надмине законски пропишаното ниво;<br>- За време на работата на механизацијата, капаците за генераторите на моторот, компресорите за воздух и другата механичка опрема за која е потребно електрично напојување, треба да бидат затворени. | Изведувач, Надзорен инженер | За време на реконструкција и реновација | Трошокот е предвиден во предмер пресметката |
| **Impacts on biodiversity** | | | | | |
| - Реновација и реконструкција | - Влијанија врз биодиверзитет (одстранување на вегетација, вознемирување од | - Употреба на механизација со соодветни технички карактеристики и употреба на соодветни горива, соодветно одстранување на вегетацијата и примена на најдобра градежна пракса; | Изведувач, Надзорен инженер | За време на реконструкција и реновација | Трошокот е предвиден во предмер пресметката |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | бучава, емисија на прашина и издувни гасови) | - Намалување на опфатот на локацијата за градење;<br>- Строго е забрането палењето на оган;<br>- Забрането е ловење на животни, како и собирање на растенија;<br>- Дозволена е примена и садење само на автохтони растенија. | | | |
| - Реновација и реконструкција | - Културно наследство (случаен наод) | - При случајно наоѓање, активностите треба да се стопираат и во тек на 24 часа да се известат надлежните органи (Министерство за култура). Со активностите ќе се продолжи по добиена согласност и одобрување | Изведувач, Надзорен инженер | За време на реконструкција и реновација | N.A. |
| **Влијание врз социјални аспекти** | | | | | |
| - Реновација и реконструкција | -Безбедносни аспекти за вработените | - Подготовка на план за безбедност при работа на т.н. привремени мобилни градилишта во согласност со соодветната регулатива | Изведувач, Надзорен инженер | За време на реконструкција и реновација | Трошокот е предвиден во предмер пресметката |
| **Оперативна фаза** | | | | | |
| **Управување со отпад** | | | | | |
| Посета на вила Вангелина од туристи | - Управување со комунален отпад;<br>- Влијание врз вода и почва; | - Склучување на Договор со локално претпријатие за собирање, транспорт и одлагање на отпадот на општинска депонија;<br>- Редовно празнење на септичката јама од овластена компанија и транспорт на отпадната вода до пречистителна станица;<br>- Редовна проверка на пропустливоста на септичката јама;<br>- Редовно одржување на сепараторот за масла на паркинг просторот | Комунално претпријатие | - За време на работа на вила Вангелина | Во зависност од тарифата на Комуналното претпријатие |
| **Безбедностни аспекти** | | | | | |
| Operational phase: | - Безбедност на | - Имплементација на инструкции за | Вработени во вила | - За време на | N.A. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Посета на вила Вангелина од туристи | посетителните | безбедност и мерки за безбедност за посетителите, особено за безбедност на децата, и безбедност на базенот, како знаци за предупредување и сл.. | Вангелина | работа на вила Вангелина | |

N.A. – Not applicable- не апликативно

## 6.2 Мониторинг активности

Од суштинско значење е да се подготви програма за мониторинг и да се врши соодветно и често набљудување со цел да се демонстрираат вкупните перформанси од проектните активности и краткорочните влијанија предизвикани од градежните активности.

Поконкретно, како интегрален и суштински дел од Планот за мониторинг на животната средина и социјалните аспекти, Програмата за мониторинг на животната средина треба да ги има следните цели:

- Одредување на вистинскиот обем/големина на влијанието;
- Контролирање на влијанијата што се создадени како резултат на градежните процеси и оперативната фаза;
- Проверување на стандардите за заштита на животната средина што се применливи за време на градежните активности;
- Проверување и набљудување на имплементацијата на решенијата за заштита на животната средина за време на градежните активности;
- Предложување мерки за намалување во случај на неочекувани влијанија;
- Проценување на ефектот од мерките за намалување во градежната и оперативната фаза;

Проектот ќе имплементира план за мониторинг на животната средина што: (1) ја набљудува работата на изведувачот за време на имплементацијата на проектот со цел да се провери дали изведувачот ги применува очекуваните мерки за намалување, и потоа (2) ги проценува вистинските влијанија што проектот ги има врз животната средина во текот на годините откако завршиле разните компоненти на проектот. Главните компоненти на Планот за мониторинг опфаќаат:

- Мониторинг на еколошките параметри;
- Мониторинг на конкретни области, локации и параметри;
- Применливи стандарди и критериуми;
- Времетраење и зачестеност
- Обврски на институцијата и
- Трошоци.

**Мониторинг план**

| **Кој**<br><br>*Параметар треба да се следи?* | **Каде**<br><br>*Треба да се следи тој параметар?* | **Како**<br><br>*Треба да се следи тој параметар (што треба да се мери и како)?* | **Кога**<br><br>*Треба да се следи тој параметар (време и зачестеност)?* | **Зашто**<br><br>*Дали параметарот ќе се мониторира* | **Од кого**<br><br>*Треба тој параметар да се следи– (одговорност)?* | **Колкав**<br><br>*Е трошокот поврзан со спроведувањето на следењето* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подготвителна фаза** | | | | | | |
| 1. Проверка на потребна документација (дозволи и слично) | - Канцеларии на општина Петровец | Визуелна проверка на потребна документација и проверка дали е изработена во согласност со националната регулатива | Пред почеток на активностите | Да се утврди дали се земени во предвид и испочитувани сите законски барања | Експерт за ЖС од ПЛРК, Надзорен инженер, претставник од општината | - Буџет за под-проектот |
| 2. Известување на јавни и надлежни институции | - Канцеларии на Изведувач | Визуелна проверка на потребна документација | Пред почетокот на градежните активности | Да се запознае јавноста | Експерт за ЖС од ПЛРК, Надзорен инженер, претставник од општината | - Буџет за под-проектот |
| **Фаза на имплементација (реконструкција, реновација и доградба)** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. Мерки за безбедност и здравје при работа на работниците и безбедносни мерки за локалното население и другите посетители на градилиштето | - Привремено мобилно градилиште;<br>- Апартмани (надградба);<br>- Безбедност на детското игралиште | Верификација на документацијата и визуелна проверка пред и за време на изведба на градежните активности. Следење дали предвидените безбедности мерки се почитуваат | За време на фаза на имплеметација | Да се спречат повреди и да се обезбеди безбеден пристап | Изведувач, Експерт за ЖС од ПЛРК, Надзорен инженер, претставник од општината | - Буџет за под-проектот |
| 4. Безбедно одвивање на сообраќај на локацијата | - На локацијата | Визуелна проверка и известување | За време на достава на опрема | Да се овозможи непречен и координиран сообраќај | Изведувач, Експерт за ЖС од ПЛРК, Надзорен инженер, претставник од општината | - Буџет за под-проектот |
| 5. Локацијата е добро обезбедена со поставена ограда, знаци за предупредување и др. | - На локацијата | Инспекција | Не најавена проверка за време на изведување ан активностите | За да се спречат несреќи | Изведувач, Експерт за ЖС од ПЛРК, Надзорен инженер, претставник од општината | - Буџет за под-проектот |
| 6. Фугитивна емисија на прашина и издувни гасови од градежна механизација и возилата. Фугитивна емисија на испарливи органски компоненти | - На т.н. привремено мобилно градилиште;<br>- На локација на детско игралиште, апартмани. | Визуелна инспекција на присуство на прашина и издувни гасови и проверка дали боите и лаковите се со соодветен квалитет согласно пропишаните стандарди | За време на фаза на имплеметација<br>При поплака и инспекциска посета | Да се спречат прекумерни и штетни емисии во воздухот | Експерт за ЖС од ПЛРК, Надзорен инженер, инспекција од МЖСПП | - Буџет за под-проектот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во случај на поплака или проверка од надлежен орган | | | | |
| 7. Излевање на погонско гориво или моторни масти и масла, испуштање на отпадни комунални води од работниците. Хаварии на градежна механизација | - На т.н. привремено мобилно градилиште;<br>- Вила Вангелина. | Визуелна проверка на присуство на маслени дамки на почвата<br><br>Визуелна проверка на испуштање отпадни води од вработените | За време на фаза на имплеметација | Да се спречи истекување на гориво и масло и испуштање на отпадни води од вработените | Експерт за ЖС од ПЛРК, Надзорен инженер, инспекција од општина | - Буџет за под-проектот |
| 8. Протекување на масла горива од градежна механизација што може да влијае негативно и да предизвика загадување на подземните води; Несоодветно управување со создадениот отпад на локацијата; Загадување на подземните води во случај на несреќи и инциденти | - На т.н. привремено мобилно градилиште;<br>- Вила Вангелина. | Визуелна проверка на присуство на маслени дамки на почвата<br><br>Визуелна инспекција на управување со отпадот | За време на фаза на имплеметација | Да се спречи истекување на гориво и масло и несоодветно управување со отпадот | Експерт за ЖС од ПЛРК, Надзорен инженер, инспекција од општина | - Буџет за под-проектот |
| 9. Создавање на мешан комунален отпад од градежни активности Generation of mixed<br><br>Вишок земјан материјал и други | - На т.н. привремено мобилно градилиште;<br>- Вила Вангелина. | Селекција и сепарација на различни типови отпад<br><br>Визуелна проверка на идентификациони и | За време на фаза на имплеметација<br><br>На дневна основа и по собирање и транспорт на | Да се спречи несоодветно управување со отпадот на т.н. мобилно градилиште и негативните | Изведувач, Експерт за ЖС од ПЛРК, Надзорен инженер, инспекција од општина | - Буџет за под-проектот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| видови на отпад | | транспортни формулари<br><br>Контрола на документација за предавање на отпад на овластени компании<br><br>Визуелна инспекција за неадекватно и привремено одлагање/складирање на отпад | отпадот | влијанија по животната средина и здравје на локално население | | |
| 10. Создавање на опасен отпад од градежни активности | - На т.н. привремено мобилно градилиште;<br>- Вила Вангелина. | Визуелна инспекција на присуство на опасен отпад и управувањето со истиот дали е во согласност со националната регулатива; увид во листите за евиденција на отпад и транспортни формулари | За време на фаза на имплеметација<br><br>Пред транспорт на опасен отпад | Да се подобри начинот на управување со отпад на локално и национално ниво<br><br>Да се спречи одлагање на опасен отпад на депонија | Изведувач, Експерт за ЖС од ПЛРК, Надзорен инженер, инспекција од општина | - Буџет за под-проектот |
| 11. Зголемено ниво на бучава како резултат на проектни активности | - На т.н. привремено мобилно градилиште;<br>- Вила Вангелина. | Аудитивна процена на ниво на бучава<br><br>Мониторинг на ниво на бучава со соодветна опрема и овластена компанија согласно барањата на | За време на фаза на имплеметација<br><br>При поплака или инспекциска посета | Да се утврди дали бучавата го надминува максимално дозволеното ниво | Изведувач, Експерт за ЖС од ПЛРК, Надзорен инженер, инспекција од општина | - Буџет за под-проектот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ISO 17 025 | | | | |
| **Оперативна фаза** | | | | | | |
| **Управување со отпад** | | | | | | |
| 1. Комунален отпад од посетители и вработени во вила Вангелина | - Вила Вангелина | Отпадот е соодветно собран, селектиран и складиран | Според динамиката на комуналното претпријатие | За да се спречи несоодветно управување со отпад | Комунално претпријатие | - / |
| **Безбедностни аспекти** | | | | | | |
| 1. Безбедност за посетителите | - Вила Вангелина (детско игралиште и базен) | Визуелна проверка на имплементацијата на мерките за безбедност и редовно одржување на детското игралиште и базенот | Секојдневно | Да се осигура дека на локалитетот се имплементирани мерки за безбедност | Вработени во вила Вангелина | - / |

За време на проектните активности, треба да се посвети посебно внимание на:

- Изведувачот е обврзан да ги минимизира влијанијата од создадениот отпад, емитирана прашина и генерирана бучава;
- Надзорниот орган ќе врши надзор врз тоа како работата на градилиштето ќе влијае врз животната средина;
- Локалните инспекциски органи исто така ќе вршат надзор, со цел изведувачот да ги отстрани сите евентуални неправилности.

**ПРИЛОЗИ:**

1. Сателитска снимка на локалитетот
2. Ситуација на апартман
3. Ситуација на ресторан и кујна
4. Решение за одобрен Елаборат за животна средина за реновација, реконструкција и доградба на Вила Вангелина




Сателитска снимка на Вила Вангелина (извор: Google Earth)




Ситуација на вила Вангелина







Ситуација на ресторан и кујна

Согласно Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 51/11,123/12,93/13, 42/14, 44/15,129/15 и 39/16) Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кој се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 74/05, 109/09, 164/12) и Уредбата за изменување на Уредбата за дејности и активности за кои задолжително се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/12) и Уредбата за изменување на Уредбата за дејности и активности за кои задолжително се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на општината („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/12) постапувајќи по Барањето на **ГЛОБАЛ ЦЕНТАР ДВД ДООЕЛ ИЗВОЗ-УВОЗ КУМАНОВО,** за одобрување Елаборат за заштита на животната средина бр.09-1623/1 од 03.12.2018 година, Градоначалникот на Општина Петровец, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одобрување на Елаборат за заштита на животна средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборатот за заштита на животната средина, со тех. број: 242-11/18 од 30.11.2018 г, изработен од Консултантско друштво ЕНВИРО РЕСУРСИ ДОО Скопје, за Реновирање, реконструкција и доградба на Вила Вангелија на зелениот катлановски рид во околината на Скопје, општина Петровец за потребите на инвеститорот Глобал Центар ДВД ДООЕЛ извоз-увоз Куманово,

2. Од доставената документација констатирано е дека се работи за Реновирање, реконструкција и доградба на Вила Вангелија. Проектот опфаќа решение за бунгалови во склоп на хотелскиот комплекс и изработка на проктни решенија на новопредвидената состојба и определување на градежните основи кои во целост треба да одговораат на потребните карактеристики, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за Елаборатот за заштита на животната средина, како и кон дополнителните решенија доколку низ работата на

хотелскиот комплекс се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

**О б р а з л о ж е н и е**

Глобал Центар ДВД ДООЕЛ извоз-увоз Куманово, поднесе до Општина Петровец, барање за одобрување Елаборат за заштита на животната средина бр.09-1623/1 од 03.12.2018 г.
Елаборатот се однесува за Реновирање, реконструкција и доградба на Вила Вангелија. Проектот опфаќа решение за бунгалови во склоп на хотелскиот комплекс и изработка на проктни решенија на новопредвидената состојба и определување на градежните основи кои во целост треба да одговораат на потребните карактеристики.

Согласно Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 51/11,123/12,93/13, 42/14, 44/15,129/15 и 39/16) и Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на Општината, Градоначалникот на Град Скопје и Градоначалникот на општините во Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/12), дејноста за која е изготвен предметниот Елаборат е опфатена со Прилог 1 од Уредбата и за истиот се спроведува постапка за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина.

Елаборатот е во целост изработен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на Регистарот за одобрени елаборати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/13).

При увидот на терен извршен од страна на претставникот на Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина на Општина Петровец, на ден 03.12.2018 година констатирано е дека фактичката состојба соодвествува со податоците во Елабортот и дека може да отпочне постапката за издавање решение за одобрување Елаборат за животна средина.

Комуналниот отпад се подига од страна на ЈКП ,,Петровец,, - Петровец, за што се приложени платени сметки за комунален смет.

Во случај на надминување на дозволените нивоа на емисии, ќе се применат одредбите на Законот за заштита на животната средина во делот на Делокругот на надзор на овластениот инспектор и делот на Прекршочните одредби.

Врз основа на изнесеното, е одлучено како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:**

Против ова Решение подносителот на барањето за одобрување на Елаборатот за заштита на животната средина има право на жалба до Министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.
Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето

**Упатство за правно средство:**

Против ова Решение подносителот на барањето за одобрување на Елаборатот за заштита на животната средина има право на жалба до Министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Бр. 09-1623/3
03.12.2018 г.

**Изработил: Наталија Миткова дипл.маш.инж.**
**Одобрил: Блаже Арсовски дипл.инж.**

**Градоначалник**
**Борче Митевски дипл.ecc.**